Воислав Д. КУШЕВСКИ

ДИМИТАР НИКОЛОВСКИ — ТАКИ ДАСКАЛОТ КАКО УЧЕНИК НА СКОПСКАТА УЧИТЕЛСКА ШКОЛА[1])

Едно од легендарните имиња на нашата Народноослободителна војна и Револуцијата опеано во многу саканата партизанска песна, Димитар Николовски — Таки Даскалот,[2]) беше ученик на Скопската учителска школа од учебната 1936/37 до второто полугодие на учебната 1938/39 година.[3])

Роден е на 17. XI 1921 година во Битола, каде што учел основно училиште и завршил IV клас на некогашната полна гимназија, т.н. мала матура,[4]) за потоа да го продолжи своето образование во Скопје.

---

[1]) Прилогот е презентиран на Симпозиумот „40 години слободен развој на образованието и воспитанието во Македонија 1943—1983 година", одржан во Кичево и Струга од 13 до 15 октомври 1983 година. Работен е и според сеќавањата на соучесниците на Таки Даскалот и тоа: Стоилко Ивановски-Планински, дипломиран правник во пензија од Скопје; Никола Младеновски, директор на Издавачката куќа „Просветно дело" во Скопје, Јордан Димевски, професор на Педагошка академија во пензија од Скопје; Атанасие Станковиќ, самостоен педагошки советник на Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието од Скопје, во пензија; Илија Богоевски, професор на Педагошката академија во Скопје; д-р Димитар Поповски, научен советник на Институтот за унапредување на земјоделието од Скопје и д-р Воислав Д. Кушевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

[2]) За Димитар Николовски — Таки Даскалот види и во: Таки Тодоров Николовски — Даскало, Братство, 26.XI 1948, III, 47 (116); — Матковски Александар, Дванаесет години од херојската смрт на првоборецот Димитар Тодоров Николовски — Таки Даскалот, — „Просветен работник", Скопје, 28.IV 1954, год. II, бр. 23, стр. 3; — Зборник на паднатите борци во Народноослободителната борба од Битолска околија, Битола MCMLVIII, стр. 92; — „Необични жртви на Револуцијата", — „Просветен работник", Скопје, 25.IV 1959, год. V, бр. 118—119, стр. 3 Гимназијално образование во Битола, Битола 1965, стр. 170—171; — д-р Миле Тодоровски, Прилог кон библиографијата на загинати народни херои и првоборци во Народноослободителната борба на Македонија (1941—1945), Скопје 1969 (Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, Год. XIII, бр. 1—2(1969), стр. 243—318), (Белешка: Николовски Димитар — Таки Даскалот).

[3]) Државна Учитељска школа у Скопљу, Извештаи за 1036/37 и 1937/38 учебна година.

[4]) Гимназијално образование во Битола, Битола 1965, стр. 170, 171.

Имено, во учебната 1936/37 година од многу кандидати на приемниот испит[5]) и тој бил примен како ученик на Учителската школа во Скопје. Младиот, 16-то годишен, тогаш по име и презиме Димитрије Николиќ — Таки, ја воодушевил на аудицијата испитната комисија[6]) со својот вонредно развиен слух и убавиот глас. Тоа било и решавачко за да биде примен во школата каде што конкуренцијата не беше мала во тогашни услови, а и во образовна институција каде на високо рамниште се одгледуваше музичката култура. Дури, за испитната комисија младиот Димитрије Николиќ беше откритие како редок музички талент, со вонреден глас![7])

Слика 1. — Учениците на I-1 клас на Скопската учителска школа, сликани пред централниот влез на зградата на школата (учебна 1936/37 година). Ученикот Димитар Николовски — Таки Даскалот е трет од десно во најгорниот ред.

---

[5]) Приемниот испит за упис во учителските школи се состоел од медицински преглед за да се установи дека е кандидатот здрав и без телесни недостатоци, како и да се утврди дали поседува слух т.е. способности за вокална или инструментална интерпретација на одреден музички состав, песна и сл.

[6]) Аудицијата тогаш ја обавуваа: наставникот на предметот — свирење Стеван Шијачки и Никола Савченко, наставник по пеење.

[7]) За тоа мошне добро се сеќава составувачот на овие редови. Неговото прво среќавање со Таки било токму на приемниот испит по музика, кон крајот на август 1936 година. Во салата на Соколското друштво „Матица II“ при Школата, тие биле само двајцата пред испитната

Од првите денови во новата школска средина, неговото нагалено име Таки — пренесено од роднокрајците битолчани — беше прифатено од сите негови другари во класот (од Македонците, Србите и Црногорците). Но тие му дадоа и прекарно име (надимак) — Штрч заради неговото често истрчување од стројот, предупредуван за тоа од наставникот по гимнастика.

Слика 2. — Портрет на Димитар Николовски — Таки Даскалот како ученик на I-1 клас на Скопската учителска школа (учебна 1936/37 година). (Портретот е зголемен од горната слика.)

Таки беше стројно момче со долгнавесто убаво лице, со густа и природно кадрава коса. Но, независно од тоа, тој се одликуваше не толку со надворешноста, туку со својата неодбивна продуховена личност, посебно што во контактите со средината се експонираше како искрен и несебичен другар, како отворена личност, со весела природа. Беше популарен и омилен другар и на генерациите што беа по него, а и на оние што беа пред него. Покрај својот внатрешен шарм, Таки посебно привлекуваше и со својот несекојдневен музички талент, со што го беше дарувала природата. Умееше да ја одушевува својата средина со прекрасниот глас, со неговиот типично лирски тенор, со префинетата смисла за автентичната интерпретација, посебно на македонските народни песни. Затоа често беше повикуван да пее при што е слушан со задоволство и воодушевување и тоа во посебно музички образована школска средина.

комисија. Таки пристапил прв пред неа. Со тестирањето на неговиот слух, со „фаќање" на одредни тонови што на клавирот ги означуваше Стеван Шијачки, наставниците бргу сфатија дека тонскиот регистер на кандидатот е мошне широк, посебно над основната тонска скала. Но, нивното воодушевување настана откако кандидатот Димитрије Николиќ — Таки, запеа една македонска народна песна. Празната гимнастичка сала се исполни од пријатниот и мелодичен тенор. Тогаш познатиот композитор Стеван Шијачки, стана и му се обрати на Никола Савченко со зборовите „Никола, овој мораме да го примиме по секоја цена . . . "

Кога пееше, Таки го привлекуваше вниманието не само на учениците, туку често и минувачите покрај „Предниот парк“[8]) на школата.[8a])

Од раната младост Таки беше мошне витална индивидуа, полна со животен оптимизам. Токму неговата ведра, но и скромна природа, со смисла и способност да создаде пријатна, весела и непосредна другарска атмосфера правеше да биде посакуван во друштвото. Како таков, Таки фактички беше видливо дружељубив. Неговите другари како да се гордееја што тој беше во нивната потесна средина, во класот.

Но истовремено треба да се одбележи дека и како „градско дете“ и со својата жива, немирна и бујна природа, а и бунтовен дух, тој не беше секогаш готов да го прифаќа одреденото школски, а посебно интернатскиот режим.[9]) Поради тоа, често доаѓаше до судири со школските власти и до преземање на дисциплински мерки против него.

Затоа и дојде до исклучување на ученикот Димитрије Николиќ — од III-1 клас на Учителската школа во текот на I-то полугодие на учебната 1938/39 година, според член 43 од Законот за средните училишта во Кралството Југославија.[10])

Меѓутоа, ваквата казна за Таки што му ја изрече наставничкиот совет на училиштето, делуваше шокантно за целиот класен колектив, такашто на оваа ригорозна дисциплинска мерка целиот III-1 клас на школата реагираше колективно

---

[8]) За разлика од „Задниот парк“ којшто се наоѓаше зад школската зграда. Од неа по земјотресот (1963 година) остана само порталот и предната дворна железна ограда, со остатоци од дрвјата од некогашниот „Преден парк“.

[8a]) Д-р Бранко Петровски редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, тогаш за една генерација помлад, ученик на Скопската учителска школа, и денес живо се сеќава дека Таки често ја пееше песната „Стара планина, млада овчарка...“. „Кога тој неа ја пееше, ни изјави професорот д-р Бранко Петровски, во предниот или задниот парк на Школата, се собираа скоро сите ученици, небаре присуствуваат на „концерт“ и со големо внимание и одушевеност го слушаа. Понекогаш, јас тоа сум го забележал, и случајните минувачи покрај Учителската школа застануваа да се восхитуваат на неговото пеење“.

[9]) Овие и сличните училишта беа од затворен — интернатски тип, при што сите ученици мораа да живеат во интернатот што се наоѓаше обично во самата школска зграда. Познато е исто така дека овој вид училишта им одговараше на режимите на Кралството од повеќе причини, посебно овде во тогашна „Јужна Србија“. Покрај тоа учениците беа и униформисани.

[10]) Ова се потврдува и од: Државна учитељска школа у Скопљу, Извештај за школску 1938/39 — Статистичка табела на стр. 63.

— без исклучок, дури со привремен бојкот на наставата,[11]) и — наспроти стриктната забрана на директорот на училиштето — со демонстративно колективно испраќање на својот исклучен другар Таки на железничката станица. Тоа беше од една страна протест против прострогата казна и тоа во училиште, во кое како педагошко, заправо изостанале, во случајов, профилактичките педагошки мерки, а од друга, — тоа несомнено значеше и израз на чувствата — колку Таки беше навистина близок и драг другар на сите во класот, независно кој од каде е и од каква националност. Оваа демонстрација на другарска приврзаност претставуваше преседан во аналите на училиштето. Впрочем, до тогаш беа ретки воопшто вакви изрази на солидарност спрема другар — соучесник, при релативно строгиот училишен режим и со закани на исклучување (!), како што III-1 клас тоа го покажа неусилено и свесно спрема својот исклучен другар. Меѓу другото, со неговото исклучување тие тогаш чувствуваа како да губат свој близок, а покрај тоа, беше присутна и социјална и хумана мотивираност кај нив, бидејќи сите знаеја дека Таки останал без татко од млади години и оти не стоел добро и во материјален поглед. Исто така, може да се одбележи дека оваа демонстрација, посебно за школските власти, како да имаше и политички призвук. Ова дотолку што класот одеше свесно и поорганизирано на ваков смел и реши-

---

[11]) Неговите другари мошне добро се сеќаваат, кога Таки го донесе и покажа решението за неговото исклучување. Во училницата на III-1, дојде до спонтано реагирање, дури и со солзи, кај не мал број другари. И покрај тоа што односниот ден беше работен, вратата на училницата беше забарикадирана одвнатре со школските клупи, со што се даде до знаење дека III-1 клас на тој ден не прима наставници на часови! Освен тоа, класот донесе одлука Таки да биде испратен од сите негови другари на железничката станица. Тоа беше реализирано и покрај тоа што класот знаеше за директоровата наредба да не се излегува од дворот на школата, ова дотолку бидејќи директорот бил известен за намерата на класот. Железната врата на главниот влез тие ја отворија, наспроти противењето на вратарот, и колоната по двајца, сосема дисциплинирано, се упати по денешната улица „Илинденска“ кон тогашната железничка станица „Војвода Путник“, бидејќи новата (што се сруши по земјотресот) беше во изградба. Патем колоната се размина молкум со директорот на школата Јован Ристиќ, близу дрвеното мовче кај зградата „Пасаж Арести“, но кај некогашната зграда на Офицерскиот дом, среќавањето со професорот Јаков Ивановиќ, беше драматично. Со раширени раце, од името на директорот и класниот раководител, тој застана пред учениците, апелирајќи да се вратат, велејќи им дека и него ќе го отпуштат од служба и дека има жена и деца... Тоа имено влијаеше учениците да го послушаат. Тие одредиле неколку другари да го испратат Таки, поздравувајќи се овде со него и посакувајќи му среќен пат и сè најдобро...

Дури откако се вратија во училницата, прв професор којшто влегол во класот, на настава (и покрај тоа што по распоредот немал час) бил Василиј Благонадеждин. Истиот инсистирал „машки“ да ја примат одлуката за исклучување на нивниот другар без емотивни изливи и сл. По неговите укажувања, наставата отпочна да се одржува.

телен начин да го манифестира својот јавен протест дури и некриен револт против споменатото решение на училишните власти.

Дури директорот на училиштето Јован Ристиќ, се консултирал во Просветното одделение и со другите фактори на тогашната Вардарска бановина, за казнените мерки кои што предвидувал да ги примени на целиот III-1 клас, заканувајќи се со исклучување. Но, секако, еднодушното, смело и непоколебливо истапување на класниот колектив, влијаело никој од класот да не биде казнет.[12])

По исклучувањето од Скопската учителска школа, Таки со одобрение на тогашното Министерство за просвета, бил примен во Учителската школа во Цетиње. За потоа, во последната година од своето школување да се префрли во V клас на Учителската школа во Алексинац. Како ученик на оваа школа го затекнува Априлската војна и капитулацијата на Кралството Југославија.[13])

Уште во Учителската школа во Скопје, Таки ѝ се придружи на групата напредни младинци, во којашто се наоѓаа скоро сите негови другари Македонци од класот, се разбира, покрај нив и другари од Црна Гора и Србија. Неговата немирна и бунтовна природа се изразуваше во отпорот, спротивставувањето и немирење со одредени состојби во училиштето, интернатот, а и во наставата, што секако имаше и одреден идејно — политички белег. Таки се чувствуваше и беше чувствуван од неговите блиски другари како Македонец. Но без оглед на карактерот на судрувањето, бунтовникот Таки, заедно со, речиси целата група

---

[12]) Овој настан секако оставил впечаток не само кај сите ученици во училиштето, туку и кај наставниците и сиот персонал. Сведоштво за тоа е и невообичаеното дидактизирање со одредено заканување до учениците, во поглед нивното поведение, на стр. 73 и 74 од споменатиот Извештај на Школата, каде, меѓу другото, го читаме и ова: „... Човечката природа, посебно кај младите мошне често се буни против возвишените поими, се буни често против она што не му годи на телото. Таа има разни желби и посакувања; таа е свежа ... бујна, одушевена за сè она што и се чини убаво; таа има разни идеали ... Да настојуваме штетните на време да ги оневозможуваме, а за корисните да дадеме што повеќе поттик. Во многу случаеви младината нема да не разбере, ќе се буни против многу наши барања ...“

[13]) Ова е забележано и во написите и белешките за Димитар Николовски — Таки Даскалот и тоа: Матковски Александар, цит. написи; и во „Гимназијално образование во Битола ...“, стр. 170—171. Според написот во „Братство“ (органот на Градскиот и околискиот одбор на Народниот фронт — Битола), Битола, од 26.XI 1948 г., бр. 47 (11,); год. III, стр. 3, под наслов „Таки Тодоров Николовски-Даскало, Априлската војна и окупацијата Таки ја доживува во Битола. Под тешки окупациони услови тој оди по своите документи во Алексинац и се враќа назад.

напредни младинци од класот, Македонци, не само што на одреден начин ја одбележуваше својата македонска национална припадност, туку беше јасно дека релативно рано стана ориентиран кон онаа политичка организација во земјата којашто со својата политичка програмска платформа и практика беше блиска и до стремежите на неговиот македонски народ, а тоа беше Комунистичката партија на Југославија.

Имено, треба да се има предвид дека — под влијанието на идеите на Комунистичката партија на Југославија, а во услови на настапувањето на фашистичката идеологија и реакционерните режими на Кралството Југославија, чиишто експонент, во случајов, била потесната управа на Учителската школа во Скопје, напредната младина во ова училиште се организираше и делуваше на линија на идејната и политичката платформа на КПЈ, пред сè во скоевски воспитни групи, потоа преку борбата за преземање на раководствата (управите) на ученичките здруженија (литературната дружина „Српско коло", „Јадранска стража", „Црвен крст" и други), преку читање реферати со левичарска содржина и сл.

Притоа, за учениците — Македонци од големо значење беше правилниот став на КПЈ по националното прашање. Токму тоа сознание беше присутно кај нив, за осознавањето на нивниот национален идентитет, а посебно што со борбата за социјално ослободување се решава и македонското национално прашање, како нејзин составен дел. Врз оваа основна идејна и политичка ориентација, напредните ученици во ова (и не само во ова) училиште, не другаруваа меѓу себе според националната припадност. Затоа и Таки, иако беше Македонец, имаше во Школата одлични другари, припадници на другите нации.

Таки најмногу се движеше со напредните студенти од тогашниот Филозофски факултет во Скопје.[14]) Токму преку тие контакти, посебно со напредната илегална литература, се запознаваше со идеалите, односно доаѓаше но сознанија и за друг свет — светот на социјализмот, свет без експлоатација од човек на човек, свет на рамноправноста и на национални слободи.

Престојот во Цетињската учителска школа — каде што се школуваа и други левоориентирани младинци, која даде не мал број борци и народни херои на нашата Револуција, меѓу кои и неодамна почината Стана Томашевиќ-Арнесен — е од посебно значење кога станува збор за политичкото созревање на Таки, за конечно да стане близок и определен за СКОЈ и Комунистичката партија на Југославија.

---

[14]) Според сеќавањето на другарот Стоилко Ивановски Планинска, една од врските со напредните студенти на Филозофскиот факултет била преку студентите — Црногорци, односно преку роднината на ученичката од Школата Наталија Чукиќ!

Затоа, по неговото враќање од Алексинац односно по капитулацијата на кралската војска и окупацијата на земјата, во родната Битола, каде што на 31 август го завршува т.н.„матурски курс" со што го оформува своето средно образование,[15]) не сакајќи да му служи на фашистичкиот окупатор, Таки набргу се вклучил во народноослободителното движење. Оттогаш, од неговата битолска средина (и пошироко) е наречуван и е познат со популарното негово именување — Таки Даскало(т).[16])

И тогаш Таки бил посетуван односно одржувал контакти со неговите другари од Скопската учителска школа. Меѓу другото, на двајца негови другари од оваа школа им останал во сеќавање првите месеци по окупацијата на земјата, кога го посетиле во неговата куќа во Битола. Токму тоа било времето по 22 јуни 1941 година т.е. по нападот на Германија на Советскиот Сојуз, кога во неговата куќа била стационирана група германски војници. За едниот од нив Таки им рекол на спом-

---

[15]) Види цитираниот напис кај Матковски Александар, и во „Братство".

[16]) Кај српскиот народ зборот „уча" е народно име за саканата и ценетата во својата средина личност — блиска до народот. Многу од првоборците — учители го носат и називот „уча". Кај нас, посебно во југозападните и западните краишта на Македонија, вообичаено е и мошне често име, покрај учител и, „даскал", што доаѓа од старогрчкиот збор „дидаскалос". Се разбира и во имињата на првоборците — учители, додадено е — не случајно — и народното име — даскалот. Дури тоа име е и потенцирано, такашто ја осведочува и дури и симболизира своевидно врската на оваа категорија луѓе, со народот, а и на народниот белег на Народноослободителната борба.

Само така и треба, да се сфаќа кај нас професионалното обележување од народот, она што значи „уча" кај Србите, а кај нас „учител" и „даскал". Во оваа смисла и Таки Даскалот, како омилен и сакан од народот е и наречен — Даскалот.

Ова ние не случајно го истакнуваме. Зашто кај нас постојат и луѓе кои често подбивно го именуваат учителот со „даскале"! Меѓу нив има и такви и со високо образование, кои ние би ги нарекле интелектуалци со закожуравен еснафски или скороевски менталитет. Со цел да го истакнат својот (мало)граѓански педигре или „високата" ученост, во одредени ситуации тие на таков начин го изразуваат својот понижувачки однос кон учителската професија, а спрема тоа и кон луѓето кои ја обавуваат. Но на тие кои го употребувале и го употребуваат во ваква — подбивна смисла зборот „даскал", „даскале", ние ќе им го упатиме едното од значајните во оваа смисла искажување на учителот — даскалот Гоце Делчев. Неговиот биограф П(еју). К. Јаворов нѝ приведува, меѓу другите и оваа порака на Гоце Делчев, за оние кои на ваков начин се однесуваат кон светлото име на народниот учител. Еве ги овие негови зборови:

„Овча главо, запамети дека пред оние на кои им должиш способноста да си го напишеш сопственото име человек, — треба да стоиш со симната шапка дури и кога ги пцуваш!" (За ова види и кај Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, Скопје 1982, стр. 43).

натите другари дека е комунист. Дури во нивно присуство Таки му се обратил со зборовите: „Сега, ќе ви се наполнат гаќите во Русија...!“[17])

Афирматив во поглед искажаното за политичката припадност и блискоста на Таки кон Партијата, е и неговото блиско другарување со Елпида Караманди — истакната активистка на СКОЈ и Партијата во Битола. Несомнено и тоа придонело Таки Даскалот да се вклучи релативно брзо во револуционерното движење во градот... Имено, тој учествува скоро во сите акции што ги изведуваше партиската организација. Така на пример, по сеќавањето на првоборецот Веле Лозаноски, во Илинденските демонстрации 1941 година во Битола, Таки не само што учествувал, туку заедно со споменатиот (Лозаноски) ја носел едната од паролите.[18]) Затоа Димитар Николовски — Таки Даскалот набргу доаѓа во судир со бугарската окупаторска полиција, станува илегалец и заедно со Стив Наумов и други организатори на востанието во Битола и битолско, извршува различни борбени задачи, посебно за подготовките на оружената борба.[19])

Забележлива е неговата работа на исфрлувањето на Првиот битолски партизански одред на којшто Таки станува политички комесар. Пред излегувањето на терен на крајот на април 1942 година, одредот бил илегално на своето собиралиште во куќата на познатото револуционерно семејство во Битола Василевски. Според сеќавањето на другарот Живко Василевски,[20]) Таки бил кусоглед, со очила, и со очевидна нетрпеливост ја очекувал директивата да се излезе на терен, односно пројавувал готовност за борба.

Сево ова ни дава за право да констатираме дека Димитар Николовски — Таки Даскалот е личност која што не случајно се појавила, и која на повикот на Партијата за оружена борба против окупаторот уште во 1941 година застанала во стро-

---

17) Според сеќавањето на Јордан Димевски и д-р Димитар Поповски.

18) Изјава на неговиот соученик Никола Младеновски. Ова е одбележано и во наведениот напис на А. Матковски, и во „Необични жртви на Револуцијата“.

19) Уште во август 1941 г. член е на КПЈ, секретар на партиска ќелија и член на Месниот комитет на КПЈ за Битола. Се дружи со Стив Наумов, Вангел Нечевски-Тунелот, Димче Кепески, Елпида Караманди и други. Како илегалец во зимата 1941/42 година во околината на Битола со другарите од прилепскиот партизански одред работи на организирањето на партизански одред. (За ова види во наведените написи: Гимназијално образование во Битола... стр. 170—171, „Необични жртви на Револуцијата“... стр. 3; д-р Миле Тодоровски, Прилог кон библиографијата..., стр. 243—318.

20) Денес член на Претседателството на Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на СР Македонија.

јот на првоборците на нашата Револуција. А наведеното несомнено укажува за континуитетот на неговата напредна политичка ориентација уште како средношколец — „учитељац".[21])

Слика 3. — Група напредни младинци од IV-1 година (клас) на Скопската учителска школа, снимени (илегално) во Скопје во 1940 година — соученици на Димитар Николовски — Таки Даскалот.
Во горниот ред (од лево на десно): Ристо Каркалашев, Милош Чубровиќ, Јордан Димевски, Воислав Кушевски, Никола Поповски, Атанасие Станковиќ и Димитар Поповски.
Во долниот ред (од лево на десно): Стоилко Ивановски-Планински, Никола Младеновски, Стојан Петровиќ, Ристо Елимов, Илија Богоевски и Зафир Аговски.

Впрочем, неговата генерација од III-1 клас на Скопската учителска школа — на која и тој ѝ припаѓаше — даде петмина првоборци на нашата Народноослободителна војна и Револуцијата и тоа: Стоилко Ивановски Планински, Милош Чубровиќ, Милош Бакиќ, Стојан Петровиќ[22]), а неговите другари го

---

[21]) Пред војната учениците на учителските школи беа наречувани со општо име и како „учитељци". о

[22]) *Стоилко Ивановски-Планински*, првоборец од с. Ореов Дол, Титоввелешко, носител на Партизанска споменица, живее во Скопје; *Милош Чубровиќ* од Црна Гора, носител на Партизанска споменица, починал 1983 год. во Крагуевац; *Милош Бакиќ*, првоборец од Црна Гора, новинар во пензија, живее во Ниш; *Стојан Петровиќ*, првоборец од с. Гари, Власотинечко, од СР Србија. Заробен како партизан од четниците 1941 година и стрелан на Бубањ кај Ниш во почетокот на 1944 год.

вбројуваат и Таки Даскалот како петти првоборец на НОВ и Револуцијата од нивната генерација — „учитељци".

Покрај ова, за нас Димитар Николовски — Таки Даскалот е посебно драго и често спомнувано име, кое се наредува и со оние просветни работници кои дадоа не мал придонес во разгорувањето и развојот на Ослободителната војна и Револуцијата на југословенските народи и народности.

Неговата саможртва е свесна, таа означува посебен херојски подвиг, што го овековечи за секогаш да им служи како пример на поколенијата. Тој стана — како што наведовме погоре — една од легендите на оваа наша најнова епопеја.

Впрочем, омилената партизанска песна за него и неговите другари, за Елпида Караманди не случајно е спеана...

И денес, при секое слушање или пеење на познатата партизанска песна за Таки Даскалот — кај оние што го познаваа, кои со него се школуваа и дружеа — асоцијативно се наметнува мислата дека народниот пејач, небаре знаел на најдобар и на најадекватен начин да го овековечи неговиот, и на неговите другари — партизани, подвиг: да му издигне голем најсоодветен неуништлив споменик — со убавата и длабоко емотивна борбена партизанска песна, која им легнала на срце на нашите луѓе, заправо, за херојот Таки Даскалот, којшто не само што ја сакал македонската народна песна, туку според оние што му го слушале неговиот орфејски глас бил незаборавен нејзин интерпретатор.[23]).

---

[23]) Го поместуваме интегралниот текст на народната песна за Таки Даскалот и неговите другари:

Таму ле, мајко близу Битола
В Ореовската г'ста корија,
Таки Даскалот храбро загина,
Со неговата верна дружина,
Со нив загина смела другарка,
Млада Елпида Карамандова.

Предадени од клети шпиуни,
Ги сардисаа од сите страни,
Пушки згрмеа, бомби стрештеја,
Крвава почна борба нерамна.

Тогај извика Таки Даскалот:
Смело гинете верни другари,
Фрлајте бомби, тиран сотрете,
Живи в рака не се давајте.

Клети тирани в борба нерамна,
Сета дружина му ја избија,
Таки Даскалот жив не се даде,
Откачи бомба, над неа легна,
Самиот крвта си ја пролеа,
Младост премила за Македонија.

Voislav D. KUŠEVSKI

TAKI DASKALOT AS A PUPIL AT THE SKOPJE TEACHER'S SCHOOL (ACCORDING TO THE MEMORY OF HIS SCHOOLMATES)

Summary

In this article the author records the recollections of the schoolmates of Taki Daskalot, one of the legendary names from the People's Liberation War and Revolution in Macedonia — celebrated in the folk poem. Taki Daskalot was a pupil of the Skopje Teacher's School from the school year 1936/37 to the second half of the school year 1938/39.

Taki was popular among his schoolmates. He had a natural charm, not so much because of his appearance but as good and sincere friend. He used to sing the Macedonian folk songs very well. He left a deep impression on his schoolmates with his rebel's nature which very often came into conflict with the school authorities. That is why, Taki was taken away from the school during the first half of the school year 1938/39. All his schoolmates from III 1 class reacted to such a rigorous measure by boycotting the teaching and by their decision to see him of at the Skopje Railway Station, in spite of the prohibition of their school director. It was a testimony to how close and popular Taki Daskalot was with his schoolmates who expressed their solidarity towards a mate who had been left with no father at an earlier age.

While he was at the Teacher's School, Taki made friends with progressive young boys from his class and school and from outside it. He felt and was felt as a Macedonian. His stay in the new school after he was taken away from Skopje, especially at the Teacher's School in Cetinje, resulted in his further political maturity and a loyality towards SKOY and CPY.

His story leaves no doubt about the continuity in his progressive political orientation since the time when he was a secondary school pupil „Učiteljac".

Taki joined the revolutionary movement in his native town of Bitola and accepted the Party's task for an armed struggle against the fascist occupier.

He belongs to those known as „the teachers — best fighters" who by their courage made a special contribution to the Macedonian and Yugoslav Revolution for social and national freedom.